Macedonian

May 2016

NSW GOVERNMENT | Health South Eastern Sydney Local Health District

# Рамка што се поставува врз клозетска шолја

## Over Toilet Aid

### Што е рамка што се поставува врз клозетска шолја?

**What is an over toilet aid?**

Оваа рамка ја зголемува висината на постоечката клозетска шолја за да можете полесно да седнете или станете од неа. Држачите за рацете ви помагаат да станете и ви нудат поддршка кога седнувате.



### Кога треба да користам рамка што се поставува врз клозетската шолја?

**When should I use an over toilet aid?**

Рамката што се поставува врз клозетската шолја се користи кога се чувствувате несигурни, слаби или губите рамнотежа при седнување или станување од клозетската шолја. Ве молиме, јавете им се  на тимот од службата во локалната заедница или замолете го вашиот доктор да ви даде упат за ерготерапевт. Ако е потребно, ерготерапевтот ќе ви препорача да користите рамка што се поставува врз клозетската шолја.

### Како треба да се прилагоди рамката што се поставува врз клозетската шолја за да ми одговара?

**How should an over toilet aid be adjusted to fit?**

Рамката што се поставува врз клозетската шолја треба да се прилагоди за да ви одговара вам и да ви овозможи лесно да седнувате и станувате и да го одржувате телото во правилна положба.

1. Подигнете го или отстранете го седиштето на клозетската шолја
2. Поставете ја рамката врз клозетската шолја
3. Колковите треба да ви бидат во малку повисока позиција од колената додека седите на столицата
4. Притиснете го сребреното копче на секоја ногарка од столицата и движете ги ногарките нагоре и надолу додека не ја постигнете потребната висина

### Како треба да ја користам рамката што се поставува врз клозетската шолја?

**How should I use the over toilet aid?**

1. Пред да седнете, движете се наназад се додека не почуствувате дека со задниот дел од нозете го допирате седиштето
2. Држете ги држачите за рацете на двете страни и седнете полека
3. Осигурете се вашите колкови и колена да бидат на иста висина и да го допирате подот со стапалата кога ќе седнете

**Occupational Therapy Departments (St George, Sutherland and Calvary Hospitals)**
**Locked Bag 21, Taren Point NSW 2229**

Ако ви треба преведувач, ве молиме телефонирајте во TIS National на 131 450

# Рамка што се поставува врз клозетска шолја

Over Toilet Aid

## Како треба да се грижам за рамката што се поставува врз клозетска шолја?

**How should I care for the over toilet aid?**

1. Редовно проверувајте ги гумените капачиња на дното од ногалките на столицата. Ако тие се истрошени или пукнати, веднаш заменете ги со нови
2. Мијте ја рамката со мек сапун и вода или средство за чистење кое не предизвикува гребнатини
3. Оставете ја рамката да се исуши
4. Погрижете се редовно да ја одржувате. Веднаш пријавете било каков дефект или оштетување на опремата во канцеларијата за позајмување на опрема

## Опремата ви ја издаде:

**Your equipment has been issued to you by:**

Ве молиме, разговарајте со вашиот ерготерапевт ако имате било какви прашања во врска со користењето на рамка што се поставува врз клозетската шолја.

Вашиот ерготерапевт:
Your Occupational Therapist: ______________________

Телефон:
Phone: ______________________

## Преведувачки услуги

**Interpreter Services**

Ако ви треба помош при разбирање и зборување на англиски јазик, тогаш може да користите професионални преведувачи.

Преведувачките услуги се бесплатни и доверливи. Можете да побарате да ви обезбедат преведувач, ако не ви го понудат тоа. Персоналот ќе ангажира преведувач за вас. Ако ви треба преведувач за да можете да не контактирате, ве молиме јавете се во Translating and Interpreting Service (Служба за писмено и усмено преведување) на 131 450.

Оваа брошура е подготвена за да ви даде информации во врска со целта, безбедното користење и поставувањето на опремата што ви е препишана. Информациите се наменети само како водич и мора да се користат заедно со упатствата што ќе ви ги даде вашиот ерготерапевт.

Оваа брошура заедно ја подготвија Одделите за ерготерапија од Sutherland Hospital, St George Hospital и Calvary Hospital во 2015.

Финансиските средства за преведување ги овозможи Multicultural Health Service (Мултикултурна здравствена служба), South Eastern Sydney Local Health District (Служба на локалната здравствена единица на југоисточниот дел на Сиднеј).